View metadata, citation and similar papers at core.ac.uk

brought to you by CORE

Original research paper
UDK 347.626:340.13(497.7)

# ЗА ПОТРЕБАТА ОД РЕФОРМИ ВО УРЕДУВАЊЕТО НА БРАЧНИОТ ИМОТЕН РЕЖИМ ВО МАКЕДОНСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО

**Ангел Ристов**
Вонреден професор на Правниот факултет „Јустинијан Први"
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје,
E-mail: angelristov@yahoo.com

**Апстракт**

Во трудот авторот го анализира уредувањето на имотните односи на брачните партнери во македонското семејно законодавство, кое нема претрпено позначајни промени со децении и покрај општествените – економски промени, како и промените во бракот и семејството. Во последниве неколку децении, авторот констатира дека, во брачните и семејните односи се случуваат драматични и револуционерни промени кои неминовно ја наметнуваат потребата од промени во застарените законски решенија, кои влечат корени од времето на социјализмот. Лоцирајќи ги бројните правни празнини и проблематични решенија во важечкото законодавство, авторот се залага за потемелно уредување на брачните имотни односи. Притоа, предлага решенија за подобро уредување на посебниот и заедничкиот имот и воведување на брачниот договор со ќе им овозможи на брачните партнери договорно да ги уредат имотните односи на начин кој најмногу ќе одговара на нивните прилики, желби и можности. Со оваа значајна реформа ќе се овозможи, покрај законскиот, постоење и на договорен брачен имотен режим. Доколку овие предлози бидат прифатени од страна на законодавецот во идниот Граѓански законик на Република Македонија, авторот очекува да се подигне степенот на правната сигурност во правниот промет и да се намалат постбрачните имотни тензии, со цел избегнување на мачните и тешки имотни спорови и подобро остварување на заедничкото родителство по разводот на бракот.

***Клучни зборови:*** *Имотен брачен режим, заеднички имот, посебен имот, брачен договор.*

# ON THE NEED FOR REFORMS IN THE MACEDONIAN MARITAL PROPERTY REGIME

**Angel Ristov**
Associate professor, Faculty of Law "Iustinianus Primus"
"University Ss. Cyril and Methodius" – Skopje

**Abstract**
In the text the author is anylizing the marital property regime of the spouses in the Macedonian family law. The author points that Macedonian Family Law hasn't suffered changes for decades. This is the reason why there are many legal gaps in the provisions that regulate marital property regime. On the other side in the last decades marital and family relations have ondergone a lot of changes. Given this fact, the author is giving proposals for thoroughly regulation of the marital property relations. Crucial reform in the civil code will be introduction of the marital agreement upon which the partners will have opportunity to regulate their property relations upon their will and necessities.

***Key words:*** *Reforms, Property, Marital Regime, Spouses.*

Одлуката за склучување брак е една од најважните одлуки во животот. Со склучувањето на бракот помеѓу брачните партнери не настануваат само лични, туку и имотни односи.[1] Од моментот на склучувањето на бракот, а понекогаш и порано,[2] брачните партнери стапуваат во бројни имотни односи поврзани со секојдневните потребите на брачната заедница и семејството. За времетраење на бракот, брачните партнери стекнуваат движен и недвижен имот, земаат кредити, вложуваат во инвестиции, вложуваат во семејниот бизнис, во удели на трговски друштва, депонираат штедни влогови, основаат фирми и сл.[3] Додека љубовта трае и нема финансиски

[1] Во теоријата на семејното право и во законодавствата имотноправните односи на брачните партнери се групираат во две посебни групи: во личноимотни односи и во чисто имотни односи. Во првата група спаѓаат грижата за семејството, издржувањето на необезбедениот брачен другар и децата, како и одговорноста за тековните потреби на брачната заедница. Во втората група спаѓа определувањето на имотниот режим на брачните партнери. Види повеќе за ова кај Миле Хаџивасилев, *Семејно право,* Студентски збор, Скопје, 1990, стр. 137-154.

[2] Повеќе за правното уредување на вонбрачната заедница види кај: Ангел Ристов, „Вонбрачната заедница во македонското семејно законодавство *de lege ferenda,*" International Scientific Conference *Ohrid School of Law,* New Challenges in Regulation of the Legal Relations in the Sense of the European Values, Iuridica Prima, Skopje, 2015; Angel Ristov, The New Chalanges in regulation of marriage and Non Marital Union, *Harmonius,* 2014; Ангел Ристов, „Вонбрачна заедница", Научна конференција по повод 20 годишнината од основањето на Правниот факултет во Велико Трново, *Ius est ars boni et aequi,* Република Бугарија, 14-16 април, 2012; Dejan Mickovik, Angel Ristov, The Legal Regulation of the Non marital Cohabitation in the Macedonian Family Law, *International Survey of Family Law,* 2012. За свршувачката и правните последици од неа, попширно види кај: Миле Хаџивасилев, *op. cit.,* 87-93.

[3] За правните лица и нивното настанување поопширно види кај Ангел Ристов, *Правни лица,* Стоби трејд, Скопје 2015.

проблеми, брачните партнери не размислуваат за карактерот на имотните односи во кои стапуваат и режимот на имотот кој го стекнуваат. Не се чуваат сметки и изводи, не се бараат писмени изјави за вложените средства, ниту пак сведоци, не се води сметка што припаѓа на едниот, а што на другиот брачен партнер. Но, кога љубовта ќе престане, ќе се јават недоразбирања и финансиски проблеми тогаш на „сцена“ доаѓа разводот на бракот и делбата на заедничкиот имот. Од овие причини, прецизното уредување на имотните односи е од големо значење за мирот и спокојот во брачните и семејните односи, како и за правилниот развој на децата. Доброто уредување на брачните имотни односи е од исклучително значење за полесен развод на бракот, со цел да се избегнат нервозите и траумите поврзани со тешкото докажување и долгогодишно влечкање по судови, како и големите финансиски трошоци. Ова е важно и за зголемување на правната сигурност во правниот промет.[4]

Во современите општества во бракот и семејството се случуваат револуционерни промени кои произлегуваат од индивидуализмот, либерализмот, желба за остварување на лична среќа и задоволство, еманципацијата на жената, промените во улогите на мажот и жената во брачните и семејните односи и др.[5] Како последица на ова, речиси во сите европски држави доаѓа до зголемување на бројот на разведени бракови,[6] намалување на бројот на ново склучени бракови,[7] до зголемување на бројот

[4] Честото менување на прописите, носењето на „технички“ бирократски закони, нееднаквата примена на правните прописи и неудначената судска пракса, придонесуваат за појавата на феноменот правна несигурност. За ова види кај: Ангел Ристов, „Правната сигурност како клучен фактор за владеење на правото“, *Правник,* бр. 295-296, Здружение на правници на Република Македонија, Скопје, 2016, стр. 56-64; Ангел Ристов, „Правната не/сигурност во македонското семејно и наследно право“, Меѓународна научна конференција *Охридска школа на правото,* том 4, Iuridica Prima, Скопје, 2016, стр. 15-39.

[5] Повеќе за ова види кај: François Boulanger, *Droit civil del la famille, tom I, Aspects comparatives et internationaux,* Economica, Paris, p.p.355-356, Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, *Закон за семејството,* Стоби Трејд, Скопје, 2015, стр. 13-27; Dejan Mickovik, Angel Ristov, „Les changements dans les rapports conjugaux et familiaux dans les pays européens et dans la République de la Macédoine“, *Facta Universitatis,* Series Law and politics, vol. 11, No. 3 Nis; Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов „Промените во семејството и реформите во семејното право во Европските земји“, *Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. Наум Гризо,* Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2011.

[6] Според Еуростат во 28 – те држави членки на Европската унија во 2012 година биле склучени околу 2 милиона бракови, додека 1 милион бракови биле разведени. Статистиката покажува дека браковите во државите членки на ЕУ станале понестабилни, што се манифестира преку растот на стапката на разведени бракови кои се дуплирале од 1.0 разводи за една година на 1000 жители во 1970 година на 2.0 разводи во 2010 година. Помеѓу државите членки на ЕУ, највисока стапка на разведени бракови во 2012 година е регистрирана во Латвија (3.6 разведени бракови на 1000 жители), Литванија (3.5), Данска (2.8). Најниска стапка на разведени бракови во 2012 година е регистрирана во Ирска (0.6 разводи на 1000 жители), Италија (0.9), Малта (1.1), Грција (1.2), Словенија (1.2), Хрватска (1.3), Србија (1.0), Црна Гора (0.8) и Македонија (0.9). Повеќе види на http://epp.eurostat.ec.europa.eu/statistics

[7] Стапката на склучени бракови во 28 - те држави членки на Европската унија се намалила од 7.9 на 1000 жители во 1970 година на 4.8 склучени бракови на 1000 жители во 2008 година. За околу четири децении дошло до намалување на 3.1 бракови на 1000 жители, што резултирало со пад од 39% во вкупниот број на бракови. Во 2012 година стапката на склучени бракови била највисока помеѓу членките на ЕУ во Литванија (6.9 бракови на 1000 жители), Малта и Кипар (6.7), Турција (8.0), и Македонија (6.8). Најниска стапка на склучени бракови била регистрирана во Бугарија (2.9 бракови на 1000 жители), Португалија (3.3), Словенија и Луксембург (3.4). *Ibid*

на вонбрачни заедници и на деца родени вон брак.[8] Овие промени имаат влијание и на уредувањето на имотните односи.

Во македонското право уредувањето на брачните имотни односи нема претрпено позначајни промени со децении.[9] Со донесувањето на Законот за семејството[10] од 1992 година, законодавецот во целост ги презеде правилата за уредување на имотните односи на брачните партнери кои што важеа и се применуваа во поранешниот социјалистички правен поредок.[11] Со донесувањето на Законот за сопственост и други стварни права[12] во 2001 година, законодавецот ги презеде одредбите за имотните односи на брачните партнери, инкорпорирајќи ги во делот заедничка сопственост на брачните партнери[13], без да бидат направени позначајни

[8] Во последните децении бројот на вонбрачни заедници и на деца родени надвор од брак во ЕУ е драстично зголемен. Вообичаено се смета дека бројот на деца родени вон брак е показател за бројот на вонбрачни заедници. Во 2011 година во 28 - те држави членки на ЕУ вкупно се родени 39.3% вонбрачни деца, додека оваа стапка во 2000 година изнесувала 27.3%. Во 2012 година најголем број на вонбрачно-родени деца биле регистрирани во Исланд (66.9%), Естонија (58.4%), Словенија (57.6%), Бугарија (57.6%), Шведска (57.4%), Франција (55.8%), Белгија (52.3%) и Данска (50.6%). Најнизок процент на вонбрачно родени деца имало во Грција (7.6%), Турција (2.6%) и Кипар (18.6%). Во екс - Ју државите процентот на вонбрачно-родени деца е највисок во Словенија (57.6%), додека во останантите држави е понизок: Србија (24.7%), Хрватска (15.4%) и Македонија (11.6%). *Ibid.*

[9] Подробно за ова види кај: Ангел Ристов, „Брачниот договор и реформата во уредувањето на брачните имотни односи“, Семинар на тема: *„Граѓанскиот законик и актуелните прашања поврзани со разводот и вршењето на родителското право по развод на брак“,* Iuridica Prima, Скопје, 27.10.2016; Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, *Закон за семејството,* Стоби трејд, Скопје, 2015, стр. 59-109.

[10] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14 и 153/14.

[11] Во важечкото семејно право исто како и Основниот закон за бракот од 1946 година се прифатени следниве модели на имотен брачен режим: 1) законски имотен режим во рамките на кој постои режим на заеднички имот на брачните другари и режим на посебен имот на брачните другари и 2) договорен имотен режим.

[12] Ваквото решение на законодавецот сметаме дека е погрешно од причина што ја нарушува целовитоста на уредувањето на брачните и семејните односи. Во споредбеното право местото на уредувањето на имотните односи на брачните партнери е во рамките на семејното право. Аргумент повеќе во корист на ова општо прифатено становиште е фактот што од аспект на граѓанското право имотот претставува поширока категорија во која влегуваат имотните права и имотните обврски. Заедничката сопственост на брачните парнтери е само еден мал сегмент од имотните односи на брачните партнери. Според професорот Асен Групче „имотот според класичното сфаќање претставува збир на сите права и обврски кои се сврзани со еден правен субјект...Според тоа во имотот влегуваат стварните, имотните авторски права релативните имотни права.“ Поради тоа, според професорот Групче поадекватен за користење е изразот заеднички имот затоа што во бракот можат да се стекне не само право на сопственост туку и други права што влегуваат во имотот. Поопширно за ова види кај Асен Групче, *Имотно (Граѓанско) право, Општ дел,* Култура, Скопје, 1983, стр. 162, 178-179. Поаѓајќи од наведеното, сосема е нелогично решението на законодавецот во Законот за сопственост и други стварни права според кое, брачниот имотен режим е уреден во делот Заедничка сопственост во брачна и вонбрачна заедница, а под ова стои наслов стекнување имот во брачна заедница!

[13] Види повеќе кај Родна Живковска, *Закон за сопственост и други стварни права,* Европа 92, Скопје, 2005, стр. 39-42.

измени.[14] Во услови на пазарна економија, кога приватната сопственост има сè поголемо значење,[15] ваквите решенија создаваат големи проблеми во практиката, при разводот на бракот, делбата на заедничкиот имот, извршувањето на заедничкиот имот на брачните партнери и др.[16] Со тоа се усложнува постапката за делба на заедничкиот имот и за намирување на доверителите и извршителите,[17] се создаваат дополнителни финансиски трошоци за граѓаните, а судовите повторно се оптоваруваат со нови и непотребни предмети поврзани со имотните односи на брачните партнери.[18] Нерешените имотни односи се рефлектираат и на правилниот развој на децата на кои многу често им се оневозможува правото на контакт и издршката.[19] И покрај овие проблеми, како и празнините во законската регулатива законодавецот продолжува летаргично да се однесува кон ова прашање кое е од суштествено значење за граѓаните.

Имајќи предвид дека е во тек изработката на Граѓанскиот законик на Република Македонија,[20] во идните измени на семејното законодавство една од позначајните новини ќе биде и уредувањето на брачниот договор со кој брачните партнери договорно ќе може да ги уредат своите имотните односи. Освен ова, потребно е прецизно и темелно уредување на законскиот имотен режим со оглед дека постојното уредување на

---

[14] За местото на семејното право во македонското граѓанско право повеќе види кај Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, Местото на семејното право во Граѓанското право на РМ, *Правник,* бр. 269, Здружение на правници на Република Македонија, Скопје, 2014.

[15] Подробно за видовите на сопственост види кај Родна Живковска, *Стварно право,* Европа 92, 2005, стр.102-105.

[16] Види повеќе за ова кај Ангел Ристов, „Актуелните проблеми во извршувањето на побарувањата на доверителите во македонското семејно и наследно право“, *Семинар на извршители,* 30 мај – 2 јуни 2013 Драч Албанија, Комора на извршители на Република Македонија, 2013.

[17] Во практиката чести се ситуациите кога како извршен должник се јавува едниот од брачните партнери. Во случај кога неговиот посебен имот нема да биде доволен за намирување на побарувањето на доверителот, се наметнува потребата од извршување на неговиот дел од заедничкиот имот на брачните партнери. Во ваков случај речиси редовно од страна на другиот брачен партнер се започнува спор за утврдување на поголем удел од од ½ во стекнувањето на заедничкиот имот. Ваквите постапки, во голем број на случаи, имаат за цел да го отежнат извршувањето врз делот од заедничкиот имот на брачниот партнер должник, а до завршувањето на спорот извршителите и доверителот се должни да чекаат да се заврши парницата која може да трае со години. Сепак, во практиката ова не се случува. Извршителите преземаат извршни дејствија на претпоставената ½ од заедничкиот имот која му припаѓа на извршниот должник. Покрај ова, доверителите и извршителите многу често се исправени пред дилемата кој имот е заеднички, а кој имот е посебен имот на брачните партнери, што исто така ја отежнува ефикасноста во нивната работа. Состојбата уште повеќе е отежната во случај кога брачните партнери се разведуваат или пак се разведени, но со нерегулирани имотни односи. Освен за доверителите повеќе годишните имотни парници негативно се одразуваат и на правилниот развој на децата. Ваквите проблеми се јавуваат пред се како резултат на застарените законски решенија во кои постојат правни празнини и нелогичности!

[18] Ангел Ристов, „Актуелните прашања и дилеми поврзани со извршувањето на побарувањата во имотно-правните односи во македонското право“ *Меѓународен семинар на извршители,* Комора на извршители на Република Македонија, Сандански, мај 2015.

[19] За ова повеќе види кај: Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, *Закон за семејството..,* стр. 107-109; Dejan Mickovik, Angel Ristov, „Parental rights and responsibilities after divorce in Macedonia“, *International Survey of Family Law,* 2013.

[20] Комисијата за изготвување на Граѓанскиот законик на Република Македонија, заклучно до месец септември 2016 година, ги изготви Нацртот на Книга 3 – Облигациони односи и Нацртот на Книга 4 – Наследноправни односи. Изготвена е и првата верзија на теоретската рамка на Нацртот на Книга 5 – Семејни односи. Комисијата сеуште ги нема изготвено Нацртите на Книга 1 – Општ дел и Книга 2 – Стварноправни односи.

посебниот и заедничкиот имот има голем број на правни празнини и нелогичности кои создаваат правна несигурност. Во текстот што следи подробно ќе ги анализираме овие актуелни прашања во сферата на брачните и семејните односи.

## 1.Брачниот имотен режим во македонското семејно законодавство

Во македонското семејно законодавство постојат два имотни режими на брачните партнери: 1) законски имотен режим и 2) договорен имотен режим.[21] Правилата со кои се уредени овие имотни режими на брачните партнери произлегуваат од Основниот закон за брак во далечната 1946 година и времето социјалистичкиот правен поредок.[22] Овие правила немаат претрпено позначајни промени, освен што е напуштена општата одредба со која беше начелно предвидена можноста за договорно уредување на имотните односи. Поради ова, во нашето право доминира законскиот имотен режим на брачните партнери, според кој имотот на брачните партнери може да биде посебен и заеднички.[23] Причина за ова е фактот што основна претпоставка за постоењето на договорниот имотен режим и договорното уредување на имотните односи на брачните партнери е законското уредување на брачниот договор кој што нашето право законски сеуште не го уредува.[24]

Во споредбеното право се присутни неколку режими на уредување на брачните имотни односи: режим на заеднички имот, режим на одвоен имот, режим на одложен заеднички имот и режим на универзална заедница.[25] Во одредени законодавства (Франција, Германија, Швајцарија и др.) се предвидени и законски уредени повеќе модели на брачни режими кои брачните партнери можат да ги изберат или пак со склучување на брачен договор можат да ги модификуваат креирајќи модел кој најмногу им одговара на нивните прилики и потреби.[26]

[21] Види повеќе кај Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, *Семејно право..,* стр. 321-329.

[22] Подробно за ова види кај Миле Хаџивасилев, *op. cit.,* стр. 144.

[23] Види чл. 66 од ЗСДСП.

[24] Повеќе за брачниот договор види кај Ангел Ристов, „Брачен договор – непознаница, реалност или нужност во современото македонско семејно право“, *Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во чест на проф. Љиљана Спировиќ Трпеновска,* Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2013.

[25] Според *режимот на заеднички имот* на брачните партнери, имотот кои што тие ќе го стекнат во текот на бракот со работа претставува нивен заеднички имот, освен имотот кои што ќе го стекнат по основ на подарок, наследство или легат. *Режимот на одвоен имот* подразбира дека имотот кој брачните партнери ќе го стекнат за време на бракот претставува нивен одвоен, посебен имот. Во рамките на *режимот на одложен заеднички имот* за време на траење на бракот брачните партнери самостојно се јавуваат како титулари на имотот кој добива статус на заеднички во моментот на делбата на истиот. Најредок е *режимот на универзална заедница* според кој имотот што брачните партнери го имале пред склучувањето на бракот, како и имотот што ќе го стекнат за време траење на бракот претставува заеднички имот, освен оној што ќе го стекнат со наследување. Повеќе за законските брачни имотни режими види кај: Gordana Kovaček Stanić, *Uporedno porodično pravo,* Univerzitet u Novom Sadu – Pravni fakultet, Novi Sad, 2002, стр. 43-62.

[26] За ова повеќе кај Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, *Семејно право..,* стр. 330-338.

## 2.Законски имотен режим

### 2.1. Посебен имот

Според нашето законодавство за посебен имот се смета имотот кој брачниот партнер *го поседувал во време на склучување на бракот*,[27] но и оној имот кој што ќе го стекне за време траење на бракот *по основ на наследство, легат или подарок*.[28] Освен ова, во посебниот имот на брачниот партнер влегуваат и *ствариte за задоволување на личните потреби,*[29] како и *стварите кои служат за вршење на неговата дејност,*[30] под услов нивната вредност да не е несразмерно голема во споредба со вредноста на заедничкиот имот. Во посебниот имот на брачниот партнер на кого децата му се доделени на чување и воспитување, исто така, влегуваат и *стварите кои им служат на децата* или се *наменети за нивна непосредна употреба,*[31] како и оние *ствари за кои е очигледно дека е во интерес* да бидат во сопственост на брачниот партнер на кого децата се доверени.[32]

Наведените законски одредби во постојното законодавство не се доволни од причина што не уредуваат поголем број на имотни односи кои произлегуваат од секојдневниот живот на брачните партнери. Во таа смисла, законодавецот пропуштил да уреди повеќе спорни прашања на кои долго време укажува судската пракса и теоријата, а кои е неопходно законски да бидат уредени во престојната реформа на семејното законодавство.[33] Станува збор за *статусот на цивилните плодови,* односно *приходите* добиени од посебниот имот на брачниот партнер за време траење на бракот кои што не се стекнуваат по основ на работа. Во таа насока, потребно е да се предвиди дека за посебен имот се сметаат *приходите од посебниот имот на брачниот партнер,* како што се на пример: каматите од штедните влогови, закупнините, дивидендите и др. Во посебниот имот влегува и делот од *имотот добиен по основ на делба на заедничкиот имот на брачните партнери*. Посебен имот претставува и *надоместот за претрпена нематеријална штета* на еден од брачните партнери по основ на правосилна пресуда. За посебен имот се сметаат и средствата кои едниот брачен партнер *ќе ги стекне по престанокот на брачната заедница* (заедницата на живот) и покрај тоа што бракот не е разведен.[34] Посебен имот ќе се смета и *имотот* кој едниот брачен партнер го купил за себе *пред склучување на бракот,* без разлика што втасаните рати биле отплаќани во текот на бракот.

Во практиката спорно е и прашањето со статусот на добиените подароци. Со цел да се надминат проблемите во врска со докажувањето на статусот на подароците, потребно е да се прецизира дека *подароците кои според својата вредност*

[27] Чл. 68 ст. 1 од ЗСДСП.
[28] Чл. 68 ст. 2, *Ibid.*
[29] *Ibidem.*
[30] Чл. 76. ст. 1, *Ibid.*
[31] Чл. 77 ст 1, *Ibid.*
[32] Чл. 77 ст. 2, *Ibid.*
[33] За ова види кај Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, „Кодификација на семејното право во Република Македонија“, *Зборник радова Правног факултета у Палама,* Правни факултет, Источно Сарајево, 2014: Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, *Закон семејството..,* стр. 74-82.
[34] За ова види повеќе Одлука на ВСРМ Рев. 174/82 Збирка на судски одлуки Книга III стр. 189, одлука 17.

*отстапуваат од вообичаените подароци* во одредена средина и време или *според намерата* на дародавачот очигледно *се врзани со личноста* на едниот од брачните партнери дека претставуваат негов посебен имот.

Во имотните парници по разводот на бракот често се поставува прашањето за карактерот на недвижните ствари кои се посебен имот во кои е инвестирано од страна на двајцата брачни партнери во текот на бракот (реновирање, адаптации, доградби и надградби) со што е зголемена вредноста на недвижноста. По однос на ова прашање потребно е изрично да се предвиди почитување на начелото од стварното право *superficies solo cedit*[35] врз основа на кое другиот брачен партнер ќе има право на парично побарување, сразмерно на неговиот придонес. Овие прашања кои создаваат проблеми во практиката законодавецот треба задолжително прецизно да ги уреди во престојната реформа на семејното законодавство.

### 2.2. Заеднички имот

Според важечкото законодавство заедничкиот имот на брачните партнери е уреден само со една одредба! Законодавецот предвидел дека „имотот кој брачните партнери ќе го стекнат во текот на бракот претставува нивен заеднички имот“.[36] Ваквото определување на законодавецот ни од далеку не е доволно, прецизно и јасно поради што во практиката создава бројни дилеми. Основна причина за ова е фактот што во законската одредба недостасува клучниот основ врз основа на кој се стекнува заедничкиот имот на брачните партнери, а тоа е трудот. Во таа смисла, неопходно е во престојната реформа на семејното законодавство изречно да се предвиди дека имотот што брачните партнери ќе го стекнат за време на бракот *по основ на работа (труд)* претставува нивен *заеднички имот.* Работата на брачните партнери било заедничка, било одвоена претставува најзначаен основ за настанување на заедничкиот имот. Притоа „врската помеѓу работата и заедничкиот имот може да биде непосредна, ако е во прашање работа која донесува заработувачка, или посредна кога се работи за активности со кои на другиот брачен другар на различни начини му се овозможува или олеснува стекнување на заработувачка.[37] Имајќи го во предвид ова, под поимот работа во брачните односи, според општоприфатеното становиште на судската пракса, не се смета само работата со која непосредно се стекнува или зголемува зедничкиот имот, туку и работата со која со која директно не се стекнува имотот, во која спаѓа одгледувањето и воспитувањето на децата, одржувањето на заедничкото домаќинство и друго. Во таа смисла, при утврдувањето на делот во стекнувањето на заедничкиот имот за време траење на брачната заедница, треба да се земе предвид и вредноста на оној труд кој жената или мажот го вложувале извршувајќи домашни работи.

[35] Повеќе за ова види кај: Ivo Puhan, "Superficies solo cedit u rimskom pravu", *Anali pravnog fakulteta u Beogradu,* br. 3-4, 1953, стр. 332-340; Petar Simonetti, *Građenje na tuđem zemljištu,* Svetlost, Sarajevo, 1982, стр. 38 - 40; Наташа Деретиќ ,"Градење на туѓо земјиште", *Зборник во чест на Иво Пухан,* Правен факултет - Скопје, 1996, стр. 37-44. Angel Ristov, „Načelo superficies solo cedit u makedonskom stvarnom pravu“, *Pravni život,* Udruženje pravnika Srbije, br. 11, tom III, Beograd, 2008.

[36] Чл. 67 од ЗСДСП.

[37] М-р Славко Гелевски, *Закон за сопственост и други стварни права со коментар и судска пракса*, Леге Артис, Струга, 2002, стр. 142-143.

Со оглед на промените кои се случуваат во брачните и семејните односи во последниве неколку децении вака прифатеното становиште може да биде неправедно за една од страните. Доколку домашните работи, наместо сопругот или сопругата, ги извршува куќна послуга, за децата се грижи дадилка или гувернанта, неправедно би било во таков случај да се применува ваквата концепција за трудот.

И покрај тоа што заедничкиот имот претставува многу значајна и комплексна категорија, законодавецот не предвидел други одредби за попрецизно уредување на ова прашање! Во таа смисла, освен со работа, заедничкиот имот на брачните партнери може да се стекне и по основ на *подароци* направени *во корист на двајцата брачни партнери*, по пат на *тестаментално наследување,* како и по основ на други *товарни и даровни правни дела* во кои како носители се јавуваат и двајцата брачни партнери.

Во заедничкиот имот на брачните партнери влегува *движниот и недвижниот имот* кој што го стекнале во текот на бракот *од заедничките парични средства или приходи добиени од заедничкиот имот*. Во заедничкиот имот влегува и *надоместот на материјална штета* причинета на ствари кои се во заедничка сопственост на брачните партнери, *заедничките штедни влогови*, како и *цивилни плодови (приходи) добиени од заедничкиот имот* (закупнина од заеднички стан или деловен простор, дивиденда од акции купени од заеднички имот и сл.).

Во нашето семејно законодавство недостасуваат одредби за уредување на статусот на приходите добиени од авторските и сродни права, како и правата од индустриска сопственост стекнати за време траење на брачната заедница. Спорно прашање е дали тие претставуваат посебен имот или пак влегуваат во заедничкиот имот на брачните партнери. Во однос на ова прашање присутни се две становишта.[38] Според првото мислење, стекнатиот имот претставува заеднички имот поради тоа што, иако авторското дело е резултат на интелектуалните способности на едниот брачен партнер, сепак и другиот на посреден начин придонел во создавањето на авторското дело, а со тоа и во приходот по основ на авторство. Второто мислење смета дека авторското дело е резултат на креативната интелектуална работа на едниот брачен партнер, која не познава заедништво. Во домашната судска пракса е прифатено првото становиште. Сметаме дека ваквото становиште е погрешно од причина што е во спротивност со креативноста и интелектот кои се индивидуална категорија. Поради ова, во престојната реформа неопходно е изречно да биде предвидено дека приходите добиени од правата од интелектуална сопственост остварени за време траење на бракот претставуваат посебен имот на брачниот партнер по основ на авторство. Освен ова, спорно е прашањето за приходите од правата на интелектуалната сопственост кои биле создадени пред бракот да биде склучен, а се ефектуираат за време траењето на брачната заедница. И во овој случај, овие приходи не треба да влегуваат во заедничкиот имот и треба да се сметаат за посебен имот. Покрај ова, во нашето семејното законодавство недостасува и одредба со која се уредува имотот стекнат врз основа на игри на среќа (лотарија, спортска прогноза, грепки и др.). Во таа насока е потребно законодавецот да предвиди одредба според која имотот стекнат по пат на игри на среќа претставува заеднички имот, освен ако еден од брачните партнери во игрите на среќа не вложил средства од посебниот имот.

[38] За ова види кај Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, *Семејно право...,* стр. 325-326.

Според востановената судска практика на Врховниот суд на Македонија, заедничкиот имот на брачните партнери е и имотот стекнат *врз основа на договор за доживотна издршка,* и покрај тоа што како давател на издршката се јавува само едниот брачен партнер. Ваквиот став Врховниот суд го засновува на тезата дека додека едниот брачен партнер се грижи за примателот на издршката, другиот брачен партнер ги врши и остварува работите во заедничкото домаќинство и обврските поврзани со одгледување и воспитување на децата. Ова становиште предизвикува негативни реакции кај граѓаните кои се јавуваат како приматели и даватели на издршката. Причина е тоа што договорот за доживотна издршка се заснова на заемната доверба на примателот и давателот на издршката, а добрите односи помеѓу нив се од суштествено значење за реализацијата на овој договор. Доколку во договорот се предвидени и двајцата брачни партнери тогаш е оправдано да се применува овој концепт прифатен во судската пракса. Но, доколку е предвиден само еден од брачните партнери тогаш намерата е јасна на примателот на издршката, имотот да му припадне исклучиво на давателот на издршката. Поради ова, во праксата се избегнува склучувањето на овој договор за сметка на договорот за подарок. Затоа во престојната реформа треба да биде уредено и ова прашање.

За заеднички имот се смета и имотот кој брачните партнери го стекнале во текот на бракот по основ на *кредит* кој што бил земен и исплатуван од двајцата брачни партнери. Ваков е ставот и на Врховниот суд на Македонија, кој одлучил дека „станот купен на кредит во текот на брачната заедница, претставува заедничка сопственост на брачните другари без оглед на тоа кој од брачните другари го земал кредитот и кој го отплатувал по раскинувањето на брачната заедница. Брачниот другар на чие име не е земен кредитот, е должен да учествува во отплатување на одделните рати од така земениот кредит кои се стасани по раскинувањето на брачната заедница, сразмерно со утврдениот дел на правото на сопственост на тој стан.“

## 3. Договорен брачен имотен режим

### 3.1. Договорно уредување на имотните односи според важечкото право

Договорниот брачен имотен режим и можноста за договорно уредување на имотните односи на брачните партнери во нашето законодавство не се добро уредени. Во споредба со решенијата предвидени во Основниот закон за бракот од 1946 година, постојното законодавство е многу пооскудно давајќи примат на законскиот брачен имотен режим.[39] Ова се должи на фактот што во сферата на договорниот имотен режим нашиот законодавец изречно го предвидува само договорот со кој брачните партнери го уредуваат управувањето и располагањето со посебниот и заедничкиот имот.[40] Меѓутоа,

[39] Повеќе за уредувањето на имотните односи на брачните другари да се види кај: Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, *Семејно право,* Блесок, Скопје, 2016, стр. 321-329; Љиљана Спировиќ Трпеновска, *Семејно право,* Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје, 2008, стр. 240-252; Божидар Кочов, „Имотните односи на брачните другари“ *Семејното законодавство на Република Македонија,* Врховен суд на Република Македонија, Скопје, 1994, стр. 197-214.

[40] „Во нашето право брачните другари можат да склучат договор за начинот на управување и начинот на располагање со имотот. Притоа, ваков договор брачните другари можат да склучат како во однос на

овој договор претставува само еден незначителен дел од договорниот имотен режим на имотот на брачните другари кој во праксата ретко се применува.

### 3.2.Брачен договор

Во споредбеното право, за разлика од македонското, преовладуваат семејните законодавства кои покрај законскиот имотен режим дозволуваат брачните партнери самите да го изберат или уредат моделот на брачниот имотен режим.[41] Врз основа на начелото на автономија на волјата тие ги уредуваат имотните односи според своите потреби и желби. Основна претпоставка за остварување на ваквата можност е уредувањето на брачниот договор[42], како елементарна претпоставка за постоење на договорниот брачен имотен режим.

Промените во општествените, сопственичките односи, како и промените во улогата на жената во општеството, бракот и семејството, неминовно ја наметнаа потребата од поголема слобода во договорното уредувањето на имотните односи помеѓу брачните партнери. Во нашето право брачниот договор законски не е уреден. Меѓутоа, во практиката тој се склучува врз основа на начелото на слободно уредување на облигационите односи, без притоа да се води сметка за начелата на семејното право.[43]

За разлика од нашето право, воведувањето и регулирањето на брачниот договор претставува една од најзначајните новини предвидени во реформите на семејното

посебниот, така и во однос на заедничкиот имот." Љиљана Спировиќ Трпеновска, *op. cit.,* стр. 250-251.

[41] Предвидените законски режими на имотот на брачните партнери не секогаш е соодветен и прифатлив за секоја брачна двојка. Ова произлегува од фактот што брачните парови имаат различни потреби и желби. Во таа смисла, нивните барања во однос на економските (имотните) односи и потреби можат да се променат за време траење на брачната заедница. Затоа е многу важен моментот кога можат и што можат брачните партнери да договорат надвор од основниот законски имотен режим, притоа самите уредувајќи ги нивните имотни односи. Види за ова повеќе кај Mary Ann Glendon, *The Transformation of Family Law,* The University of Chicago Press, Chicago and London, 1999, стр. 135-136.

[42] Во теоријата е присутно мислењето дека терминот „брачен договор" не е адекватен за договорот со кој се уредуваат имотните односи помеѓу брачните другари. Ова од причина што во одредени законодавства овој договор може да биде склучен и пред стапувањето во брак од страна на идните брачни другари. Покрај ова, ваков договор можат да склучат и вонбрачните другари кои под одредени услови се изедначени со брачните другари. Ваков договор во одредени законодавства можат да склучат и истополните партнери. Поопширно за ова да се види кај: Ненад Тешић, „Љубав на први потпис" – О моралности брачних уговора, *Анали Правног факултета у Београду,* LVII, 22/2009, стр. 230-231; Зоран Поњавиќ, „Брачни уговор" *Анали Правног факултета у Београду,* 5/2009, стр.229-230; Marija Ignjatović, Imovinski ugovor bračnih drugova u pravu Republike Srbije, Nesklad teorije i prakse, *Pravni život,* 10/2008, стр. 490-491. Во правото на САД според Принципите за правото на престанок на бракот (погл. 7) постои јасна дистинкција и различна терминологија за ваквите договори: предбрачен договор *(premarital agreement),* брачен договор *(marital agreement),* договор помеѓу сегашните и идните вонбрачни партнери *(agreement between current or prospecitve domestic partners).* Види § 7.01 (3) Principles of the Law of Family Dissolution: Analysis and Recommendations, The American Law Institute, May, 16, 2000. Цит. според Ненад Тешић, *op. cit.,* стр. 231.

[43] Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, „За дозволеноста на брачниот договор: Брак од љубов или брак од интерес, *Правник,* бр. 284, Здружение на правниците на Република Македонија, Скопје, 2015.

законодавство на поранешните социјалистичките држави (Хрватска,[44] Србија,[45] Русија,[46] Бугарија,[47] Црна Гора, Република Српска, Унгарија и др).[48] Воведувањето на брачниот договор во нашето законодавство ќе биде една од најзначајните реформи на семејното право.[49] Брачниот договор е еден од најконтраверзните договори во семејното право. Поради тоа, тој има голем број противници, кои сметаат дека овој договор не одговара на современиот карактер на бракот кој се заснова на љубовта, а не на материјалните интереси. Во таа смисла, основниот проблем на брачниот договор е тоа што во брачните односи го воведува принципот на интерес и желба за профит, карактеристични за пазарните односи. Тоа според неговите противници значи да се воведе себичност и егоизам во една врска што во основа треба да почива врз љубов, почитување и помагање, подготвеност за жртвување и несебична поддршка на партнерот. Во однос на ова, со право Живоин Периќ истакнува дека „бракот не е само економска, туку и морална заедница; доколку помеѓу сопрузите не постои љубов, тогаш бракот би бил само имотна, сметководствена заедница; бракот не би имал морална подлога ниту пак би му одговарал на поимот и битието на бракот." Прифаќањето на брачниот договор е показател дека законодавецот повеќе внимание посветува на интересите на поединецот, наместо на благосостојбата на брачниот пар. Ова негативно влијае на стабилноста и на успехот на бракот, ја уништува романтиката во него, поради што често доведува до развод на брак. Оттука, брачниот договор често е индикатор дека помеѓу брачните другари не постои доверба и дека токму поради тоа тие се обидуваат уште на почетокот на бракот да ги заштитат своите имотни и финансиски интереси подготвувајќи се за евентуален развод на бракот.

Наспроти негативните критики, сепак брачниот договор има бројни привrзаници, кои истакнуваат дека со него се овозможува да дојде до израз слободната волја на брачните партнери, врз основа на која тие можат да ги менуваат ригидните законски рамки за уредување на имотните односи. Привзаниците на овој договор сметаат дека со него се овозможува полесен развод на брак, поради тоа што брачните другари нема да мора да водат долга, тешка и неизвесна „војна" околу поделбата на

---

[44] За брачниот договор во хрватското право подробно види кај: Mira Alinčić, Dubravka Hrabar, Dijana Jakovac-Lozić, Aleksandra Korać-Graovac, *Obiteljsko pravo,* Narodne Novine, Zagreb, 2007, стр. 514-518.

[45] За брачниот договор во српското право поопширно да се види кај: Слободан Панов, *Породично право,* Правни факултет Универзитета у Београду, Београд, 2010, стр. 356-368; Гордана Ковачек Станић, *Породично право: партнерско, дечје и старатељско право,* Правни факултет у Новом Саду, Нови Сад, 2007, стр. 125-129;Marija Draškić, *Porodično pravo i prava deteta,* JP Službeni glasnik, Beograd, 2009, стр. 408-412; Milan Počuča, *Porodično pravo,* Univerzitet Privredna Akademija, Novi Sad, 2010, стр. 324-326;

[46] За промените во руското право види повеќе кај: Александра Матвеевна Нечаева, *Семейное право,* Юрайт, Москва, 2011, стр. 77-78.

[47] „Воведувањето на институтот брачен договор може да се определи како срцевина на извршената од новиот Семеен кодекс законодавна реформа во областа на брачните имотни односи". Екатерина Матеева, *Семейно право на Република България,* ВСУ „Черноризец Храбър", София, 2010, стр. 164. Подробно за брачниот договор да се види и кај: Цанка Цанкова, Методи Марков, Анна Станева, Велина Тодорова, *Коментар на новия Семеен Кодекс,* ИК „Труд и право", София, 2009, стр. 105-133; Методи Марков, *Семейно и наследствено право,* Сиби, София, 2009, стр. 58-63.

[48] За брачниот договор во споредбеното право повеќе да се види кај: Gordana Kovaček Stanić, *Uporedno porodično pravo..,* стр. 62-72.

[49] Види повеќе кај Дејан Мицковиќ, Ангел Ристов, *Закон за семејството..,* стр. 74-82.

имотот при развод на брак. Според Фред Силберберг постојат десет основни причини поради кои треба да се дозволи склучување на брачен договор: 1) Склучувањето брачен договор помага брачните другари меѓусебно подобро да се запознаат; 2) Нерешените финансиските и имотни прашања можат да ги нарушат односите помеѓу партнерите; 3) Посебниот имот треба да остане непроменет; 4) Брачните обврски често не можат да се поделат; 5) Разводот на бракот е скап; 6) Брачниот договор го зачувува мирот во семејството; 7) Финансиската независност влијае на посреќните односи; 8) Брачниот договор обезбедува слобода во однос на другите долгови; 9) Законот не секогаш е фер и праведен во однос на поделбата на имотот и 10) Очекувањата на партнерите се предвидени однапред.

Со можноста брачните другари да склучат брачен договор се остварува нивната слободна волја и се овозможува тие да ги регулираат нивните имотни односи на различен начин од оној што го има предвидено законот. Во секоја земја законодавецот предвидува униформни решенија за имотните односи помеѓу брачните другари, кои може да не ги задоволуваат потребите на сите парови, поради големите разлики што постојат помеѓу нив во однос на имотната состојба, но и во однос на нивните интелектуални и емотивни карактеристики, нивните желби, потреби и интереси. Брачниот договор овозможува на парот да постигне договор за имотните односи и за финансиите, кои често претставуваат извор на најголемите конфликти во текот на бракот. Освен тоа, склучувањето брачен договор може да влијае и превентивно и да спречи партнерите да склучат брак кој потоа би бил неуспешен.

Брачниот договор има долга правна традиција во поголем број европски законодавства, како на пример Франција,[50] Германија,[51] Австрија,[52] Швајцарија,[53] Шведска, Грција и други во кои тој е подробно уреден. За разлика од нив, во одредени понови законодавства, како што е тоа случајот со Србија, Хрватска и Црна Гора брачниот договор е регулиран само со неколку одредби. Нашиот законодавец треба да го следи примерот на законодавствата кои потемелно ги уредуваат брачниот договор.

Наведените аргументи во прилог на брачниот договор ни даваат за право да констатираме дека предвидувањето на овој договор во нашето право ќе биде од голема корист за брачните партнери, за добрите семејни односи, како и за правната сигурност. Притоа, законодавецот треба темелно да ги регулира сите позначајни прашања поврзани со брачниот договор, со цел да се избегнат можни дилеми и правни празнини. Имајќи ги предвид решенијата во споредбеното право, како и поставеноста и улогата на нотаријатот во нашиот правен систем, сметаме дека е најцелисходно нотарите да ги составуваат брачни договори во форма на нотарски акт или да бидат надлежни за нивна заверка. Со ова практично би се озаконило она што веќе се случува во праксата, а тоа е

---

[50] Види повеќе кај: Jean Carbonier, *Droit civil, Introduction, Les personnes, La famille, l'enfant, le cople,* Quadriage/Puf, Paris, 2004.

[51] Повеќе за брачниот договор во Германското право види кај: Peter Gotwald, Dieter Schwab, Eva Büttner, *Family and Succession Law,* Wolter Kluwer International, 2001; Ј.Фон Штаудингер, *Основи на граѓанското право,* Арс Ламина, Скопје, 2014, стр. 1076-1079.

[52] Види поопширно кај Werner Ogris, Paul Oberhammer, *Législation Comparée: Autriche,* No. 8, Éditions du Juris'Classeur, 1997.

[53] За ова подробно види кај: D. Giesen, *Familienrecht,* Tübingen , 1994; Ch. Brückner, *Schweizerisches Beurkundigungsrecht,* Zürich, 1993; Grossen Guillod, *Législation compare: Suisse,* Éditions du Juris-Classeur, No. 2, 1999.

заверка на договори што ги склучуваат брачните другари кај нотар. Брачниот договор во нашиот правен систем би можел да се склучува како пред стапувањето во брак, така и по склучувањето на бракот. Во брачниот договор брачните партнери ќе може да ги уредат само имотните односи за време траење на бракот, како и последиците поврзани со имотот по престанокот на бракот. Со брачниот договор ќе може да се измени законскиот режим на заедничкиот имот, а тој може да се однесува на постојниот и на идниот имот кој ќе го стекнат брачните партнери. Брачните партнери во договорот би можеле да го одредат режимот на имотот што ќе го стекнат (сопственост, сосопственост или заедничка сопственост), нивните удели, правата и обврските во меѓусебното издржување, користењето на приходите на едниот брачен другар од страна на другиот, намирувањето на трошоците за семејниот живот, определувањето на имотот што ќе му припадне на секој од брачните другари во случај на престанок на бракот, како и статусот на семејниот дом и други имотни прашања. Со брачниот договор партнерите не би можеле да ги изменат императивните законски норми кои се однесуваат на правото на издршка, обврската за намирување на трошоците на семејниот живот и обврските на родителите во однос на децата.

Со предвидувањето на брачниот договор нашето законодавство ќе се хармонизира со принципите на Комисијата за Европско семејно право во однос на имотните односи.[54] Освен уредувањето на брачниот договор, од големо значење ќе биде и прецизното уредување на на посебниот и заедничкиот имот. Овие законски промени ќе придонесат за поголема правна сигурност во имотните односи, растоварување на судовите и избегнување на непотребните финансиски трошоци. Тие ќе придонесат за помалку тензични односи по разводот на бракот кои ќе влијаат за правилен развој на заедничките деца.

## Заклучок

Темелното уредување на имотните односи е од големо значење за добрите односи во бракот и семејството кои се од големо значење за правилниот развој на децата. Се додека љубовта постои за брачните имотни односи многу не се размислува. Но штом ќе престане, започнува битката за докажување што на кого му припаѓа и колку. Ова од причина што во практиката ретки се случаите на цивилизирана и праведна поделба на заедничкиот имот. Прецизното уредување на брачните имотни односи е значајно и за правната сигурност во имотните односи на брачните партнери со трети лица. Доверителите и извршителите се соочуваат со бројни проблеми поврзани со реализацијата на побарувањата. Застарените решенија негативно се одразуваат и во рамките на судската заштита. Судовите се оптоваруваат со непотребни предмети кои скапо ги чинат брачните партнери и доверители во долгите и тешки парници на докажување од кои нервозите и тензичните состојби на поранешните брачни партнери се пренесуваат на децата. Оттука, законодавецот е должен да изнајде посоодветни решенија од постојните, со цел да се надминат овие проблеми во практиката. Во современото живеење брачните партнери имаат потреба од поголема слобода во уредувањето на имотните односи кои одговараат на нивните прилики и, потреби и желби. Поради тоа во престојната реформа на семејното законодавство во Граѓанскиот законик, законодавецот треба прецизно да ги уреди сите прашања поврзани со заедничкиот и посебниот имот, не оставајќи простор за правни празнини и дилеми. Со

[54] Види повеќе Principles of European Family Law Regarding Property Relations Between Spouses.

предвидувањето на брачниот договор и неговото темелно уредување ќе се овозможи поголема слобода на брачните другари и ќе се зголеми правна сигурност во имотните односи. Дали партнерите ќе стапат во брак од љубов не водејќи сметка за имотните односи или ќе стапат во брак со рационални интереси зависи од нив. На крајот, кога љубовта ќе престане сметката ќе биде испорачана, но таа полесно ќе биде расчистена за партнерите кои добро ги уредиле имотните односи.